Македонски المقدونية

# 3 Видови на тевхидот

Издвојување на Севишниот Аллах во она што Му е својствено од рубубијет (господарство), улухијет (божество) и од имињата и својствата (ел-есма вес-сифат).

Неговите видови се три:

### Тевхид ел-есма вес-сифат

Издвојување на Севишниот Аллах во она со што Самиот Се именувал и Се опишал во Неговата Книга или на јазикот на Неговиот Пратеник ﷺ – со потврдување на она што Тој Самиот си го потврдил, и негирање на она што Самиот го негирал за Себе, без изопачување и без негирање, без определување на суштината или формата, и без споредување.

### Тевхид ел-улухије

Издвојување на Аллах во обожувањето, или издвојување на Аллах со делата на робовите.

### Тевхид ер-рубубије

Издвојување на Аллах со Неговите дела, или издвојување на Аллах во создавањето, поседувањето и управувањето.

# Трите степени на верата

### Ихсан

Да го обожуваш Аллах како да Го гледаш; зашто ти, иако не Го гледаш, Тој те гледа.

**Еден рукн, под кој има два степена:**

1. Да Го обожуваш Аллах како да Го гледаш.
2. Зашто, ако ти не Го гледаш Него – Тој тебе те гледа.

### Иман

Тоа е изговор со јазикот, убедување со срцето и делување со органите и деловите на телото; се зголемува и се намалува.

**Рукновите на иманот:** 6

1. Верување во Аллах
2. Во Неговите мелеци
3. Во Неговите книги
4. Во Неговите пратеници
5. Во Судниот ден
6. И верување во одредбата (кадерот) - добрата и лошата.

### Ислам

Предавање на Севишниот Аллах преку тевхид, покорување Нему преку послушност и одрекување од ширкот и од неговите следбеници.

**Рукновите (столбовите) на исламот:** 5

1. Двата шехадета
2. Извршување на намазот
3. Давање на зекатот
4. Постот во месецот Рамазан
5. Обавување на хаџот за оној што е во можност

# 4 Видови на харами:

### Мали гревови

(Сѐ што е под големите гревови.) Големиот грев се брише со истигфар, а малиот станува голем со упорност во него. Пратеникот ﷺ рекол: „Чувајте се од потценетите мали гревови, зашто тие се собираат врз човекот сѐ додека не го уништат.“

### Големи гревови

(Сите гревови за кои е пропишана посебна казна) Како: сихир, непочитување на родителите, камата, блуд, содомија, лажење, пиење алкохол, кражба, озборување, убиство на невина душа која Аллах ја забранил освен со право, јадење од имотот на сирачињата и др.

### Мал ширк

(не го изведува човекот од верата, но е поголем од големите гревови) Како зборите: „Како што сака Аллах и ти“, заколнување во нешто друго освен во Аллах, лесно преправање (рија), амајлии и црвени конци, суеверие, носење сини зрнца и слично на тоа – верувајќи дека тие се причина за заштита или дека одбиваат урок.

### Голем ширк

(го изведува човекот од верата и не се простува ако умре во таква состојба) Тоа е да изедначи некого или нешто со Аллах – да се дови како што се дови Аллах, или да се плаши од него, или да се надева во него, или да се сака како што се сака Аллах, или да му се упатува некој друг вид ибадет.